# ГАЛЕРИЈА НА ПОРТРЕТИ
# GALLERY OF PORTRAITS

Златен Венец
Golden Wreath
1966
1986

MACEDONIÆ

# ДИМАНОВСКИ МАКСИМ — МАКС
# DIMANOVSKI MAKSIM — MAX

# ГАЛЕРИЈА НА ПОРТРЕТИ
# GALLERY OF PORTRAITS

## 25 ГОДИНИ СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА
## 25 YEARS OF STRUGA'S POETRY EVENINGS

Издавач: Уметничка галерија
„Скопје“ — Скопје

Одговорен уредник: Боро
Митриќески

Предговор: Антоние Николовски

Ликовно обликување: Димановски
Максим-Макс

Организатор на изложбата:
Струшки вечери на поезијата

Превод од англиски:
Билјана Шендова

Фотоси: Ахмет Сабит

Технички уредник: Жарко Този

Тираж: 500 примерока

Печатено во графичко-издавачки
завод „Гоце Делчев“ — Скопје



## ИЗЛОЖБА НА ПОРТРЕТИ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДАТА ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ НА СТРУШКИТЕ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА

Привлечен од поетската манифестација Струшките вечери на поезијата како извонреден културен настан, мотивиран од мисијата што ја вршат веќе две ипол децении, импресиониран од поетскиот собир на кој се среќаваат катагодина стотици уметници од сите краишта на светот и од нашата земја, кај Димановски поодамна созревала идејата за портретирање на добитниците на наградата Златен венец. Тој, од 1984 година, почнува со реализацијата на оваа своја благородна замисла, што ретко, како самоиницијативен потфат, се среќава во аналите на ликовната уметност.

Денешнава изложба на портрети на венценосците, прва од ваков вид на ликовна презентација во нашата земја, се совпаѓа со јубилејот 25 години уметничка дејност на уметникот и исто толку изминати години од постоењето на Струшките вечери на поезијата. На изложбата се пртеставени 21 портрет од добитниците на наградата, сметајќи од 1966 година, кога на СВП се воведува ова највисоко меѓународно признание за поетско творештво.

Во остварувањето на оваа своја благородна задача, Димановски ги поседува сите ликовни претпоставки — неговото долгогодишно искуство со особен афинитет кон портретната дисциплина. Меѓутоа, во дадениот случај, тој бил соочен со мошне сложен и деликатен проблем, со оглед на мошне непогодните услови во кои ги создава, што се наметнуваат од самиот карактер на овој вид уметнички род. Имено, Димановски немал можност за остварy-

## EXHIBITION OF PORTRAITS OF THE WINNERS OF THE STRUGA POETRY EVENINGS GOLDEN WREATH

Attracted by the remarkable cultural festival, the Struga Poetry Evenings, motivated by its achievements during a quarter of a century, and impressed by the gathering of a hundred poets from Yugoslavia and all over the world, Dimanovski has long had the idea of painting the winners of the Golden Wreath award. In 1984 he set to work on his worthwhile idea, which is rare in the annals of the fine arts as a personal initiative.

This exhibition of portraits of the winners, the first of its type in Yugoslavia, marks 25 years both of Dimanovski's work and of the Struga Poetry Evenings. It shows the 21 winners of the Golden Wreath since 1966, when this major international award was first presented at the Struga Poetry Evenings.

Dimanovski has all the artistic qualities necessary for his task, including long experience, particularly in portraiture. However in preparing the exhibition he faced many unusual complications and delicate problems because of the difficult conditions in which he was working, which came from the very nature of this genre. Unable to make personal contact with

вање на непосреден контакт на запознавање со поетите — добитници на наградата, не располагал со прикладни и употребливи фотографии за секој од нив, се служи со нивните карикатури, што е несомнено, во поинакви услови, значаен предуслов за стекнување претстава за портретираната личност — за нивниот физички изглед и нивната духовна и психолошка структура. Овие свои непознаници авторот ги компензира со посредство на биографските податоци за нивниот животен пат и творештвото, преку запознавање со нивната поезија, сугестивноста и силата на поетската реч, со моќта на сопствената имагинација. Конечно, тој и самиот уметник, има свое видување на секој од нив, настојувајќи да ни ги претстави како личности богати со духовен живот и емоционален набој, а исто толку нив и како обични луѓе.

Димановски спроведува единствена стилска постапка во пластичното обликување на портретите: чисти, апстрахирани, измазнети плотни и стилизирани поединости, создавање на јадровити облици со истакнување на карактерните црти, а преку нив до спознавање на внатрешните наслојки на венценосците. Димановски свесно се излага на ризик и се впушта во авантура кога се инспирира од критериумите на поетите: Роберт Рождественски, Булат Окуџава, Ласло Наѓ и Мак Диздар; кога користи фотографии на поети снимени во профил: Никита Станеску, Миодраг Павловиќ, и во слободно движење каков што е случајот со портретот на Вистан Хју Одн, поради што авторот го вaja мошне слободно — во импресионистичка постапка. Понекогаш авторот прави извесни отстапувања: Леополд Седар Сенгор е предаден во помлада возраст во однос на објавената фотографија, а портретот на Блаже Конески, работен по сеќавање, исто така е предаден на помлада возраст. Но, како и да е, независно од појдовните основи за претставување на наградените поети со Златен венец, ние стекнуваме впечаток дека авторот, врз еден емотивен, искрен, содржински заснован творечки ангажман, впечатливо ја остварил својата задача.

the poets who won the award, and not having good, lifelike photographs of them all, Dimanovski used caricatures, which are not in themselves an adequate basis for a complete picture of the subjects, their physical appearance, personality and psychology. The artist compensated for this through biographical details of their lives and work, through knowledge of their poetry, the power of suggestion of their poetic language, and the strength of his own imagination. Finally, as an artist he has a personal vision of each of them, aiming to show them as people with a rich inner life and emotional power, and at the same time as ordinary people.

Dimanovski uses a unique stylistic treatment in the shaping of the portraits: clear, isolated and stylised figures, the creation of nuclear shapes revealing personality traits, leading to insight into the subjects' inner characteristics. Dimanovski consciously takes risks and embarks on an adventure when he takes caricatures of the poets as his inspiration: Robert Roždestvenski, Bulat Okudžava, Láslo 'Nagu and Mak Dizdar; when he uses photographs of the poets in profile: Nichita Stânescu Miodrag Pavlović; and in free movement, as in the portrait of Wystan Hugh Auden, because the artist shapes very freely, impressionistically. Sometimes he does something unconventional: Lépold Sédar Séngor is painted younger than in his photograph, and the portrait of Blaže Koneski, done from memory, also makes him younger. But whatever the initial steps in the painting of the winning poets, we recognise the artist's impressive achievement through his emotional, open and all-embracing creative involvement.

Претпоставуваме дека Димановски ќе продолжи и натаму со портретирање на венценосците, што наведува на наше размислување за евентуално формирање на галерија на портрети во иднина — уште едно уметничко катче во градот Струга.

Антоние Николовски

Hopefully, Dimanovski will continue to paint the winners, which will be a good reason for opening a portrait gallery as one more artistic nook in Struga.

Translated by Bijana Šendova
read by Michael Black

# КАТАЛОГ
# CATALOGUE

1. Robert Roždestvenski, 1966
Роберт Рождественски, СССР
2. Bulat Okudžava, 1967
Булат Окуџава, СССР
3. Nagu Lásló, 1968
Ласло Нађ, Унгарија
4. Mak Dizdar, 1969
Мак Диздард, Југославија
5. Miodrag Pavlović, 1970
Миодраг Павловиќ, Југославија
6. Wystan Hugh Auden, 1971
Вистон Хју Одн, САД
7. Pablo Neruda, 1972
Пабло Неруда, Чиле
8. Eugenio Montale, 1973
Еуџенио Монтале, Италија
9. Fazil Husnu Daglarca, 1974
Фазли Хисни Дагларџа, Турција
10. Léopold Sédar Séngor, 1975
Леополд Седар Сенгор, Сенегал
11. Eugene Guillevic, 1976
Ежен Гилвик, Франција
12. Artur Lundkvist, 1977
Артур Лундгвист, Шведска
13. Rafael Alberti, 1978
Рафаел Алберти, Шпанија
14. Miroslav Krleža, 1979
Мирослав Крлежа, Југославија
15. Hans Magnus Enzensberger, 1980
Ханс Магнус Енценсбергер, СР Германија
16. Blaže Koneski, 1981
Блаже Конески, Југославија
17. Nichita Stanescu, 1982
Никита Станески, Романија
18. Sachchidanand Hiranand Watsyayan-Agyey, 1983
Сачидананд Хиранand Ватсјајан-Агјеј, Индија
19. Andrej Voznesenski, 1984
Андреј Вознесенски, СССР
20. Janis Ritsos, 1985
Јанис Рицос, Грција
21. Allen Ginsberg, 1986
Ален Гинзберг, САД

1





2



3



4



5



6

7





8

9





10

11





12

13





14

15





16

17





218



19



20

21

